Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
Скопје

[redacted]

ИП1 бр.15-319
08.11.2023г.
Скопје

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Генерален инспектор за животна средина Дарко Блинков од Скопје со службена легитимација бр. 06-0010, врз основа на член 200 став (1) точка 6 и точка 9-6 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 171/2022) и член 29 од Законот за инспекциски надзор во животната средина (Службен весник на РСМ бр.99/2022) и Правилникот за видот и начинот на пресметка на трошоците на инспекцискиот надзор во животната средина (Службен весник на РСМ бр.233/2023), по извршениот вонреден инспекциски надзор во деловното седиште на Друштво за производство, трговија и услуги РЕЦИКЛ ЕКО-СТАРТ ДОО експорт-импорт Скопје, застапувано од одговорното лице Денис Владимирович Гафнер, во врска со постапување на правниот субјект согласно одредбите од Законот за животната средина и Законот за управување со отпадот по добиено известување бр.02-23 од 19.10.2023 година од Општина Ѓорче Петров од Овластен Инспектор за животна средина, а заради отстранување на недостатоците утврдени во записникот ИП1 бр.15-319 од 26.10.2023г. донесе:

## РЕШЕНИЕ

Правниот субјект Друштво за производство, трговија и услуги РЕЦИКЛ ЕКО-СТАРТ ДОО експорт-импорт Скопје, со деловно седиште на ул.Прашка бр. 13 во Скопје застапувано од одговорното лице Денис Владимирович Гафнер со адреса на живеење на ул.Нелидовскаја бр.23-2/6 во Москва, Русија:

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

1) СЕ ЗАДОЛЖУВА отпадниот материјал (опасен отпад со шифра 10 04 01* согласно Правилникот-Листа на видови отпад по процена околу 500-600 тони, утврдено со лабораториски Извештај од страна на акредитирана лабораторија за животна средина Еуромак-контрол од Скопје бр.237-1/23 од 08.11.2023 година) лоциран на локација во населено место Орман на катастарските парцели КП 247 КО Орман и КП 248/3 во приватна сопственост на две физички лица, Општина Ѓорче Петров да го транспортира безбедно назад во кругот на правниот субјект Рецикл Еко-старт во Општина Чучер Сандево. Отпадот целосно да биде транспортиран согласно законската регулатива (Правилник за поблиските услови за постапување со опасниот отпад и начинот на пакување и означување на опасниот отпад Сл.весник на РМ бр.15/2008 година и останати подзаконски акти од Законот за управување со отпадот) и однапред утврдена процедура со динамика на активностите и да се изврши ремедијација на земјиштето по завршувањето на активноста. За спроведувањето на мерката писмено или по електронски пат пред отпочнување на активностите да се извести надлежниот генерален инспектор за животна средина.

РОК: 60 дена од приемот на решението.

2) Се забранува работата на горенаведениот правен субјект со постројката со која врши операција на дробење, мелење, сепарација и неутрализација на води, се до добивање на Дозвола за измена на А-Интергираната Еколошка Дозвола од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање врз основа на поднесеното барање и прием или предавање на опасен или неопасен отпад без соодветната дозвола од било кој правен субјект или физичко лице.

РОК: 90 дена од приемот на решението.

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

3) Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 200 став 4 од Законот за животна средина.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

1. Генералниот инспектор за животна средина врз основа на налог за вонреден инспекциски надзор бр.02-1128/1 од 24.10.2023 година издаден од Директорот на Државен Инспекторат за животна средина, а по претходно добиено известување бр.02-23 од 19.10.2023 година од Општина Ѓорче Петров, Овластен Инспектор за животна средина Антонијо Паунов, изврши вонреден инспекциски надзор согласно членот 198 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 171/2022) и членот 116 од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" бр. 216/2021), во правниот субјект Друштво за производство, трговија и услуги РЕЦИКЛ ЕКО-СТАРТ ДОО експорт-импорт Скопје на локација каде се одвива работниот процес на ул.Качанички пат 6.б, Општина Чучер-Сандево.

   На ден 24.10.2023 година извршен е вонреден инспекциски надзор во горенаведениот правен субјект. При надзорот се земени мостри од неколку локации (каде што беше лоцирана во моментот на надзорот отпадна шљака-опасен отпад 10 04 01*-отпадна оловна

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

троска-согласно Листата на видови на отпад "Сл.Весник на РМ" бр.111/2005, која е примена од правниот субјект ТАБ-МАК, ДООЕЛ Пробиштип врз основа на Анекс на Договор склучен на ден 18.01.2022 година за откуп на отпад на оловна троска, Договор склучен на ден 01.07.2020 година помеѓу ТАБ-МАК ДООЕЛ, Пробиштип како продавач и Рецикл Еко-Старт ДОО, Скопје како купувач, а на другиот дел од локацијата се наоѓа веќе преработениот материјал).

Мострите од отпаден материјал беа земени од страна на двајца лаборанти од акредитирана лабораторија за животна средина Еуромак-контрол од Скопје на две локации. Со Извештаи од тестирање (примероци отпадна згура) бр.237-1/23 и 237-2/23 и архивски броеви бр.03-510 и 03-511 доставени од акредитиранaта лабораторија за животна средина Еуромак-контрол од Скопје до ДИЖС на ден 8.11.2023 година е утврдено дека се работи за опасен отпад за двете локации од каде се земени мостри од отпадна згура (приватен плац во населено место Орман и во кругот на правниот субјект Рецикл Еко-старт, Скопје). Приватниот плац е сопственост на лицето Елмази Мерсим со живеалиште во с.Желино и отпадниот материјал по негов исказ бил транспортиран последните 6 месеци од страна на правен субјект САТУС ДОО Скопје, со седиште на ул.Славе Деловски бр.7 преку овластеното лице Андриј Пашкулскји управител, со сопствени транспортни возила, а материјалот потекнува од горенаведениот правен субјект кој е предмет на инспекцискиот надзор. Физичкото лице и правниот субјект Сатус ДОО Скопје склучиле Договор за закуп на недвижен имот (цитиран подолу).
При вонредниот инспекциски надзор видливо е утврден градежен зафат-ископ на влезот од десна страна во кругот на операторот Рецикл Еко-старт, Скопје.

Од инспекцискиот надзор изготвена е и фото-документација од двете локации.

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

Правниот субјект при вонредниот инспекциски надзор ги приложи следните документи во копија:

-Тековна состојба бр.0805-50/150020230138081 од 29.05.2023 година.

-Договор за закуп на недвижен имот бр.03/095 од 20.02.2023 година склучен помеѓу Друштво за производство и трговија САТУС ДОО Скопје, со седиште на ул.Славе Деловски бр.7 преку овластено лице Андруј Пашкулскји, управител на друштвото и физичко лице Елмази Мерсим од Тетово, со живеалиште во с.Желино како закуподавец. (Од страна на правниот субјект кој е предмет на инспекцискиот надзор во моментот на изготвување на Записникот за констатација, не беше приложен документ кој ги уредува меѓусебните деловни односи, истиот е доставен дополнително и цитиран подолу).

- А-Интегрирана Еколошка Дозвола бр.11-3396/2 од 12.06.2019 година издадена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

-Барање за измена на А-Интегрирана Еколошка Дозвола архивирана во Писарницата на МЖСПП под бр.УП1-11/3 2025/2023 од 18.09.2023 година.

-Елаборат за заштита на животната средина, со добиено Решение од страна на Управата за животна средина со бр. УП1-11/4-1495/2023 од 31.08.2023 година.

-Годишен Извештај за постапување со отпад за 2022 година, доставен до МЖСПП на ден 29.03.2023 година (архивиран во Писарницата на МЖСПП).

-Писмен договор за обезбедување на безбедносните мерки, организирање како и изведување на безбедност и здравје при работа и заштита на животната средина за работа: Товарење на оловна згура со бр.03/024 од 10.07.2020 година помеѓу горенаведениот правен субјект предмет на надзорот и правниот субјект ТАБ-МАК, ДООЕЛ Пробиштип.

-Анекс на Договор склучен на ден 18.01.2022 година за откуп на опасен отпад - оловна троска, Договор склучен на ден 01.07.2020 година помеѓу ТАБ-МАК ДООЕЛ, Пробиштип како продавач и Рецикл Еко-Старт ДОО,

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

Скопје како купувач на отпадна шљака-опасен отпад 10 04 01*-отпадна оловна троска (согласно Листата на видови на отпад "Сл.Весник на РМ" бр.111/2005) и Испратници со фактури за трговија со опасен отпад со вклучен идентификационен и транспортен формулар.

-Останати документи во моментот на изготвување на Записникот за констатација не беа доставени, а дополнително од страна на управителот беа доставени следните документи:.

- Договор за закуп на опрема склучен на ден 31.08.2022 година помеѓу ДПТ Сатус ДОО Скопје и ДПТУ Рецикл Еко-старт ДОО,

-Договор за купопродажба на олово во инготи склучен на ден 01.09.2022 година помеѓу ДПТУ Рецикл Еко-старт ДОО и ДПТ Сатус ДОО Скопје,

- Договор за купопродажба на оловен концентрат склучен на ден 01.09.2022 година помеѓу ДПТУ Рецикл Еко-старт ДОО и ДПТ Сатус ДОО Скопје и

- Договор за привремено отстапување на вработени склучен на ден 31.08.2022 година помеѓу ДПТ Сатус ДОО Скопје и ДПТУ Рецикл Еко-старт ДОО.

При надзорот се утврдени следните недостатоци.

1. Операторот врши операција на дробење, мелење, сепарација и неутрализација на води, како и прием на опасен отпад со шифра 10 04 01* од надворешен правен субјект за која дејност сеуште нема добиено мислење по доставеното Барање од 18.09.2023 година за измена на А-

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

Интегрирана Еколошка Дозвола од страна на Управата за животна средина при МЖСПП.

2. Не поседува Дозвола за водно право од страна на МЖСПП, во постапка е за обезбедување на истата, односно не поседува и дозвола од градежен аспект за ископ кој е утврден при надзорот, во постапка е за добивање на истата од Општина Чучер Сандево.

3. Неправилно одлагање на отпаден материјал за кој со лабораториски анализи од акредитирана лабораторија за животна средина (Извештај доставен на 8.11.2023 година) е утврдено дека е опасен отпад на приватен плац (локација наведена во Известување од Општина Ѓорче Петров цитирано погоре во текстот), односно на локација која нема одобрување за таква намена (одлагање на отпад) од надлежен стручен орган задолжен за животната средина.

Записникот за констатација беше потпишан без никакви забелешки од страна на управителот на горенаведениот правен субјект.

[redacted]

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 84 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/2019) може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 15-319 од 08.11.2023г.

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

Доставено до :
- Архива
- ДПТУ РЕЦИКЛ ЕКО-СТАРТ ДОО експорт-импорт Скопје

ГЕНЕРАЛЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Дарко Блинков